СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата



Дирекција за тргување
и девизен пазар

**Дневни финансиски вести** 08 Мај 2012

## Издвојуваме:

Прометот на домашниот девизен пазар вчера изнесуваше ЕУР 24,1 млн. Меѓу банките беа истргувани нешто над ЕУР 3,6 млн., од кои ЕУР 2,3 меѓу маркет- мејкерите. Цените се движеа меѓу 61,64 и горната граница на тргување со НБРМ 61,72.

МинФин денес одржува вонредна аукција. Понудени за продажба се 3- месечни ДЗ без девизна клаузула, во износ од МКД 1,750,000,000 и каматна стапка од 4,20%.




За ликвидносни потреби и тргување може да се купуваат/ продаваат веќе издадените државни хартии од вредност на секундарниот пазар.

Индикативни цени на државни записи на секундарен пазар

| Датум на аукција | Ознака на аукција | Датум на доспевање | Денови до доспевање | Каматна стапка | Девизна клаузула | Куповен принос на SB | Продажен принос на SB |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3-Jan-12 | **ДЗ2012/01-182dk** | 4-Jul-12 | 57 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 7-Feb-12 | **ДЗ2012/02-196dk** | 22-Aug-12 | 106 | 4,10% | dk | 4,40% | 4.00% |
| 21-Feb-12 | **ДЗ2012/08-84dk** | 16-May-12 | 8 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 21-Feb-12 | **ДЗ2012/07-84** | 16-May-12 | 8 | 4,20% | - | 4,40% | 4.00% |
| 6-Mar-12 | **ДЗ2012/09-91** | 6-Jun-12 | 29 | 4,20% | - | 4,40% | 4.00% |
| 6-Mar-12 | **ДЗ2012/10-91dk** | 6-Jun-12 | 29 | 4,10% | dk | 4,40% | 4.00% |
| 6-Mar-12 | **ДЗ2012/03-182dk** | 5-Sep-12 | 120 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 13-Mar-12 | **ДЗ2012/11-91** | 13-Jun-12 | 36 | 4,20% | - | 4.40% | 4.00% |
| 13-Mar-12 | **ДЗ2012/12-91dk** | 13-Jun-12 | 36 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 3-Apr-12 | **ДЗ2012/13-91** | 4-Jul-12 | 57 | 4,20% | - | 4.40% | 4,00% |
| 3-Apr-12 | **ДЗ2012/14-91dk** | 4-Jul-12 | 57 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 17-Apr-12 | **ДЗ2012/15-91** | 18-Jul-12 | 71 | 4,20% | - | 4,40% | 4,00% |
| 17-Apr-12 | **ДЗ2012/16-91dk** | 18-Jul-12 | 71 | 4,10% | dk | 4,40% | 4,00% |
| 30-Apr-12 | **ДЗ2012/17-98** | 8-Aug-12 | 92 | 4,20% | - | 4,40% | 4,00% |
| 30-Apr-12 | **ДЗ2012/18-98dk** | 8-Aug-12 | 92 | 4,10% | dk | 4,40% | 4,00% |
| 30-Apr-12 | **ДЗ2012/04-189dk** | 7-Nov-12 | 183 | 4,10% | dk | 4,40% | 4,00% |

Референтни каматни стапки

| Валута 09/05 | o/n | 1 week | 1 m | 3m | 6m | 9m | 12m |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Libor USD** | 0.14700 | 0.18960 | 0.23875 | 0.46585 | 0.72840 | 0.88880 | 1.04920 |
| **Libor CHF** | 0.03167 | 0.04333 | 0.07500 | 0.11167 | 0.18500 | 0.26700 | 0.39283 |
| **Euribor** | 0.348 | 0.317 | 0.399 | 0.693 | 0.982 | 1.138 | 1.284 |
| **Skibor** | 2.15 | 3.13 | 4.08 | 4.66 | 5.23 | 5.74 | 6.21 |

Извор: Reuters и НБРМ

Свет- Архитектите Ирек Гловацки и Марек Розхански изградиле куќа наопаку, која сега претставува туристичка атракција во Терфенс, кој се наоѓа во близина на Инсбрук, Австрија. На прв поглед, оваа куќа изгледа како да е превртена од некое торнадо. Превртената куќата, освен импресивниот екстериер има и прекрасен ентериер, целосно е опремена, а во гаражата наопаку е паркиран и автомобил. Посетителите влегуваат во куќата низ „горниот“ прозор.




Извор: Danske Bank

Резултатите од политичките избори во Франција и Грција покажаа дека гласачите преферираат политики кои се насочени кон зголемување на растот и вработеноста, а не намалување на буџетското трошење, што е во спротивност со целиот концепт на досегашно менаџирање на кризата во еврозоната. Сепак, аналитичарите предупредуваат дека проблемите во економијата на еврозоната се структурни, а не циклични, што во голема мера значи и различен пристап во решавањето. Зголемувањето на растот преку зголемување на трошењето од буџетот, во најдобар случај би обезбедило само краткотрајно подобрување на ситуацијата. Затоа, е значајно да се примени модел кој е комбинација од структурни реформи, монетарна политика, докапитализација на банките и лимитирано буџетско трошење. Во Грција, Пасок и Неа Демократија заедно обезбедија 149 места во парламентот кој брои 300 места, но не успеаа да формираат коалиција со помалите партии. Затоа сега Syriza, која освои 52 места, има рок од 3 дена да формира коалиција. Доколку и таа не успее, тогаш грчкиот претседател ќе мора да распише нови, предвремени избори во земјата. Растечката популарност на партиите кои се противат на острите мерки на штедење наведуваат на тоа дека некои од условите кои беа договорени при финансиските пакети на ММФ и ЕУ би можеле да бидат предмет на повторни договори. Во Франција се закажани парламентарни ибори за јуни, така да политичките кампањи продолжуваат и понатаму. Беше објавено дека прва победата на Холанд му ја честитала Ангела Меркел при што веднаш побарала итен состанок, уште пред тој да се всели во Елисејската Палата наредната недела. Во Шпанија беше објавено дека поранешниот министер за финансии, Родриго Рато поднел оставка на местото CEO на Bankia, која има најголеми проблеми со хипотекарните кредити. Премиерот Mariano Rajoy потврди дека банката ќе биде докапитализирана со средства од буџетот, веројатно во висина од ЕУР 7 блн до ЕУР 10 блн. Целата оваа ситуација прави многу проблеми за еврото, но исто така и за швајцарскиот франк при што се очекува Swiss National Bank повторно да мора да го брани нивото од 1,20.

Поважни економски индикатори на Г7 земјите за денес

12:00 Ger Industrial output

Интервалутни курсеви во 09:30 часот

| | | | |
|---|---|---|---|
| **EURUSD** | 1.3012 | **XAU** | 1630.63 |
| **EURCHF** | 1.2009 | **XAG** | 29.77 |
| **EURAUD** | 1.279 | **Brent** | 112.2 |
| **EURGBP** | 0.8054 | **Copper** | 8296 |
| **EURJPY** | 103.86 | **Nickel** | 17370 |
| **USDJPY** | 79.83 | **Zink** | 1996 |

Извор: Reuters

Цени и приноси на државни обврзници

| рок / земја | 2 години цена | 2 години принос | 3 години цена | 3 години принос | 5 години цена | 5 години принос | 10 години цена | 10 години принос |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **US** | 99.9844 | 0.2579 | 100.0391 | 0.3616 | 100.5 | 0.7724 | 101.2188 | 1.8629 |
| **В. Британија** | 103.377 | 0.395 | 106.018 | 0.506 | 103.431 | 1.002 | 117.972 | 1.979 |
| **Канада** | 98.98 | 1.274 | 99 | 1.375 | 99.91 | 1.519 | 106.69 | 2.012 |
| **Германија** | 100.284 | 0.095 | 105.911 | 0.214 | 100.848 | 0.57 | 101.56 | 1.582 |
| **Франција** | 106.964 | 0.418 | 107.762 | 0.831 | 100.72 | 1.592 | 101.609 | 2.812 |
| **Италија** | 100.238 | 2.889 | 98.692 | 3.503 | 101.447 | 4.469 | 97.457 | 5.406 |
| **Шпанија** | 100.207 | 3.289 | 99.992 | 4.003 | 98.308 | 4.672 | 100.713 | 5.748 |
| **Грција** | - | - | - | - | - | - | 20.523 | 23.237 |
| **Македонија** | | | | | 100.00 | 5.50 | | |

Извор: Reuters

Берзански индекси

| | 9:30h | претходен ден | +/- | 3-Jan-11 | +/- |
|---|---|---|---|---|---|
| DAX | 6569.48 | ↑ | 0.12 | 6075.52 | 8.13 |
| Dow Jones | 13008.53 | ↓ | -0.23 | 12217.56 | 6.08 |
| FTSE | 5655.06 | → | 0.00 | 5572.28 | 1.49 |
| Nikkei 225 | 9175.47 | ↑ | 0.37 | 8455.35 | 8.52 |
| Hang Seng | 20520 | ↑ | 0.10 | 18824.3 | 9.01 |
| MBI- 10 | 1974.17 | ↓ | -0.90 | 1975.79 | -0.08 |




Извор: Reuters

За подетални информации обратете се во Дирекцијата за тргување и девизен пазар на следниве контакт лица:

Билјана Јованоска тел. 3295- 109; e- mail: biljana.jovanovska@stb.com.mk
Сашо Радевски тел: 3295- 108; e- mail: saso.radevski@stb.com.mk
Стојан Донески тел: 3295- 107; e- mail: stojan.doneski@stb.com.mk

Правни напомени:

Оваа публикација ја издава Стопанска Банка АД Скопје и е наменета за нејзините клиенти. Информативниот карактер на оваа публикација значи дека таа не може да служи како замена за сопствените проценки на било кој читател на оваа публикација. Информациите, мислењата, заклучоците, прогнозите и проекциите кои се изнесени во оваа публикација се засноваат на јавно достапни извори на податоци кои Банката ги користи, но за кои не гарантира.
Според тоа, Банката не сноси никаква одговорност за бизнис одлуките на клиентите кои се базираат на оваа публикација.